NEW AGE
ПРАВИЛНИК

1. Достава на производи
   - NEW AGE ви обезбедува достава на сите производи купени во сопствените салони. Доставата на производите е бесплатна за сите нарачки;
   - Доставата на мебелот се врши до куќниот број на купувачите. Начинот и времето на достава се договараат за време на купување на производдите и купувачите секогаш се известени пред испораката на мебелот;
   - Истоварот и внесувањето на робата е обврска на купувачот;
   - Нарачките кои не се исплатени во целост пред доставата не се доставуваат;
   - Купувачот е должен да го прегледа производот на денот на доставата и доколку утврди дека нешто не е во ред со производот мора веднаш да го извести NEW AGE;

2. Монтажа на производи
   - NEW AGE овозможува монтажа на купените стоки согласно договореното со купувачот, при што заеднички ќе ја определат и цената за монтажа во зависност од видот на стоката што се монтира.
   - NEW AGE не е обврзан да ги монтира производите кои купувачите ги купиле од нивните салони, доколку не е поинаку договорено со купувачот.

3. Димензии на производите
   - Купувачот задолжително треба точно да ги провери димензиите на производот кој го порачува и купува, бидејќи секој производ се произведува специјално за неговите желби и потреби, од таа причина неопходно е да бидат наведени точни димензии во Договорот за купопродажба;
   - Обврска на купувачот е да ги знае точните димензии на просторот каде што треба да се внесе купениот мебел;
   - За информации околу димензиите и советувања агентите за продажба на NEW AGE им стојат на располагање на купувачите;
   - Доколку купувачот нарача производ кој се изработува по негова нарачка (согласно неговиот избор на штоф, боја на дрво, метал исл.), и подоцна производот не одговара и/или не му се допаѓа, NEW AGE не превзема одговорност, купувачот нема право да ја бара назад купопродажбата цена и/или капар кој го оставил;
   - Доколку NEW AGE и купувачот се договорат за враќање на веќе доставен производ, купувачот е должен да си организира утовар на производот кој го враќа, под услов производот да не е монтира, неотпакуван и неоштетен.

4. Рокови на испорака
   - Главна мисија на NEW AGE е да им обезбеди брза испорака на своите производи до купувачите;
   - Рокот на испорака на производите зависи од видот на производот, односно дали се нарачува готов производ или се нарачува по изработка, рокот за испорака на производот може да биде од 8 до 9 работни недели. Во зависност од видот на производот кој што се нарачува и временскиот период потребен за негова изработка периодот на достава може да биде и подолг од наведениот.
   - За производи за кои е потребно поголемо време на изработка и достава се известуваат самите клиенти пред склучување на Договорот;
   - Продавачот има право да го продолжи договорениот рок за испорака на производот, доколку постојат реални причини односно виша сила, зголемен обем на работа на фабриките со кои соработува Продавачот, верски и државни празници и сл.
   - Во случај кога Продавачот го одложи веќе договорениот рок за испорака на производот треба навремено да го извести Купувачот и да му даде нов рок за

испорака. Доколку Купувачот остане при договорот и Продавачот не ја изврши доставата и во вториот дополнителен рок за испорака, Купувачот има право да бара раскинување на договорот и враќање на уплатениот аванс.
- Максимален рок за чување на купената роба на клиентот во нашите магацини изнесува 45 дена, после овој рок направената нарачка НЕ ВАЖИ.
- За нарачки кои имаат капар а не се реализирани и примени од страна на купувачот, дадениот капар не се враќа.

5. Начин на плаќање
   - Плаќање во готово – кога се склучува Договор за купопродажба се плаќа целиот износ или 50% од вредноста на Купопродажниот договор на име аванс, а остатокот се доплаќа 2-3 работни дена пред денот договорен за достава на производот или во договор со клиентот на денот договорен за достава. За полноважност на договорот потребна е уплата на аванс од минимум 50% од вредноста на Купопродажниот договорот.
   - Фактура.

6. Рекламации
   - Купувачот може да пријави рекламација преку контакт телефонот оставен на веб страната на NEW AGE и преку официјалната емаил адреса на NEW AGE;
   - Во рок од 5 дена од денот на приемот на рекламацијата стручниот тим на NEW AGE кој што ги вклучува сите добавувачи со кои соработува, е должен да даде мислење и предлог за решавање на пријавениот проблем.
   - Доколку се утврди дека рекламацијата е оправдана NEW AGE е должен во рок од 30 дена да ја отстрани со поправање или замена на производот. Рокот за поправање и замена на производот може да биде и подолг од 30 дена во зависност од производот и фабриката која го произведува.
   - Купувачот е должен да го прегледа купениот производ на денот на доставата и доколку има забелешки во поглед на материјални недостатоци или надворешни оштетувања веднаш да пријави во NEW AGE, или во рок од 3 дена од денот на доставата на производот.
   - Удобноста на производот се презентира во продажните салони и не се прифаќаат рекламации во однос на тврдо или меко седење.

7. ВАУЧЕРИ
   - Вредносните ваучери и Ваучерите за попуст се искористуваат еднократно – само со една нарачка.